S00163430

**До:**
Надзорен одбор на Стопанска банка АД – Скопје

**Од:**
Координативно тело за преземање активности за остварување на правата од приоритетните акции на Стопанска банка АД Скопје

**Предмет:**
Предлог за разгледување и предлагање одлуки за годишното Собрание на акционери на Стопанска банка АД – Скопје за 2026 година

Скопје, 24.04.2026

Почитуван претседател и почитувани членови на Надзорниот одбор,

Се обраќам до Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје (Банка) врз основа на релевантните одредби од важечката законска и регулаторна рамка, како и имајќи ја предвид улогата и одговорноста на Надзорниот одбор во обезбедување законито, транспарентно и одговорно управување со Банката и заштита на интересите на сите акционери.

Имајќи ја предвид потребата од обезбедување објективно и целосно финансиско известување, како и конзистентна примена на сметководствените стандарди и регулаторните барања, доставувам предлози до Надзорниот одбор, со цел нивно разгледување и соодветно вклучување во материјалите за претстојното Годишно собрание на акционери. Предлозите се однесуваат на меѓусебно поврзани прашања кои влијаат врз разбирањето на финансиската состојба и резултатите од работењето на Банката, и се во функција на обезбедување целосна и информирана основа за одлучување од страна на Собранието на акционери.

Барам Надзорниот одбор на Банката да му предложи на Собранието на акционери на редовната годишна седница, која ќе биде свикана и одржана во 2026 година, да ги разгледа и усвои следните одлуки:

## 3. Предлог-одлука за распределба на добивката и исплата на дивиденда

### 3.1. Предлог текст на одлуката

Се предлага Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје да донесе:

**Одлука за распределба на добивката на Банката за 2025 година<br>и нераспределената добивка од претходни години**

со која ќе се утврди износ од добивката кој ќе биде распределен за исплата на дивиденда и кој ќе се распредели на сите акционери, сразмерно на нивното учество во основниот капитал на Банката, односно на имателите на обични и приоритетни акции.

### 3.2. Причина

Во тековната практика, Банката има донесено одлуки за исплата на дивиденда, но распределбата не ги опфаќа сите акционери на сразмерен начин, односно не се земаат предвид условите и карактеристиките на приоритетните акции утврдени со одлуките за нивна емисија и Статутот.

### 3.3. Цел

Со донесувањето на оваа одлука се обезбедува:

- правична и сразмерна распределба на добивката на сите акционери;
- почитување на принципот на сразмерно учество во распределбата на добивката врз основа на вложените средства во основната главнина;
- усогласување на практиката на Банката со законската и статутарната рамка;
- зајакнување на довербата во корпоративното управување.

### 3.4. Образложение

Правото на учество во добивката како општ принцип произлегува од член 19 став (1) од Законот за трговските друштва, член 18 од Статутот на Банката, како и од одлуките за издавање на приоритетни акции, со кои се утврдени условите и економската суштина на инструментот, вклучително и можноста за учество во распределбата на добивката. Распределбата на добивката треба да се врши на начин кој ја одразува структурата на капиталот и обезбедува соодветен и конзистентен третман на сите акционери. Во постојната практика, и покрај исплатата на дивиденда, распределбата не ги опфаќа приоритетните акции во сразмерен обем во согласност со условите утврдени со одлуките за емисија, особено во делот на учество во распределбата на добивката.

Дополнително, правниот однос помеѓу акционерите и Банката е воспоставен врз основа на принципот на сразмерно учество, како општ економски принцип, во добивката според вложениот капитал. Отстапувањето од овој принцип создава нерамнотежа помеѓу различните класи акции.
Со донесувањето на оваа одлука се обезбедува:

- распределба на добивката која ги вклучува сите акционери;
- почитување на условите утврдени со одлуките за издавање на приоритетните акции како хартии од вредност;
- воспоставување конзистентна и правично уредена практика на распределба.

Воедно, финансиските показатели на Банката, вклучително и стапката на адекватност на капиталот, укажуваат дека постои доволен капацитет за донесување на одлука за исплата на дивиденда, без да се наруши стабилноста на Банката.

## 4. Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на Банката

### 4.1. Предлог текст на одлуката

Се предлага Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје да донесе:

**Одлука за измена и дополнување на Статутот на Банката**

со која во член 18 се вршат следните измени и дополнувања:

- после став 4 се додава нов (петти) став кој гласи:
  „Приоритетните акции имаат право на гарантирана фиксна дивиденда во висина од 200 денари по приоритетна акција.“
- после новиот петти став се додава нов (шести) став кој гласи:
  „Приоритетните акции имаат право на кумулативна дивиденда, односно право на наплата на акумулираните неплатени дивиденди пред наплатувањето на какви било дивиденди на сопствениците на обични акции.“
- после новиот шести став се додава нов (седми) став кој гласи:
  „Приоритетните акции можат да стекнат право на учество во распределбата на добивката на Банката како варијабилен дел во висина што ќе ја утврди Собранието, но најмногу до износот што ќе го добијат имателите на обични акции.“
- после новиот седми став се додава нов (осми) став кој гласи:
  „Приоритетните акции учествуваат подеднакво во поделбата на остатокот од стечајната, односно ликвидационата маса на Банката.“

### 4.2. Причина

Статутот на Банката не ги содржи правата од приоритетните акции и затоа е потребно да се изврши негово усогласување со Законот за трговските друштва, особено член 287 став (1) точка 4 и член 278 став (2).

### 4.3. Цел

Со донесувањето на оваа одлука се обезбедува:

- усогласување на Статутот со законската рамка;
- јасно и целосно дефинирање на правата на приоритетните акции;
- отстранување на правната нејаснотија и дискрепанца;
- обезбедување правна сигурност и транспарентност за сите акционери.

### 4.4. Образложение

Согласно член 287 од ЗТД, Статутот мора да ги содржи правата, обврските и погодностите на секоја класа акции. Актуелниот Статут на Банката не содржи експлицитни одредби за правата на приоритетните акции, што создава правна неусогласеност и несигурност. Во постојната состојба постои неусогласеност помеѓу:

- одлуките за емисија на акции, и
- законската рамка која бара внесување на правата во статутот и однапред утврдена (фиксна) дивиденда.

Со предложените измени:

- правото на гарантирана дивиденда се дефинира како фиксен износ, во согласност со закон;
- во Статутот се вметнуваат сите суштински права на приоритетните акции (кумулативност, учество во добивка и ликвидациони права);
- се воспоставува јасно и конзистентно уредување на правата, што ја елиминира правната и сметководствена неизвесност.

Прашањето за правата на приоритетните акции е повеќекратно покренувано без разрешување, што ја потврдува потребата од негово конечно уредување преку Статутот.

Дополнително, предложениот износ на гарантирана дивиденда од **200 денари по приоритетна акција** е утврден врз основа на економска и пазарна логика:

- претставува околу 50% од заработката по приоритетна акција за последната финансиска година, пресметана согласно учеството на приоритетните акции во основниот капитал;
- е во рамки на практиките на споредливи банки во земјата, каде распределбата на добивката кон акционерите надминува 50%;
- овозможува формирање на реална пазарна вредност на приоритетната акција и создавање услови за нејзина ликвидност, која во изминатите години е значително намалена.

Со тоа, предложениот износ не претставува произволна вредност, туку е резултат на објективна финансиска проценка и пазарни параметри.

Понатаму, утврдувањето на гарантирана дивиденда во јасен и економски оправдан износ е неопходно и од аспект на заштита на вредноста на инвестицијата на имателите на приоритетни акции. Во отсуство на јасно дефиниран и предвидлив принос:

- приоритетните акции се изложени на систематско потценување на пазарот;
- се нарушува економската рамнотежа меѓу различните видови акции;
- се создава ризик од продолжена неможност за тргување и губење на ликвидност;
- се доведува во прашање остварувањето на суштинските права кои произлегуваат од самата природа на приоритетните акции.

Ваквата состојба веќе резултира со долгорочна штета за имателите на приоритетни акции и влијае негативно врз довербата во корпоративното управување на Банката. Со предложената одлука се воспоставува јасен и предвидлив механизам кој ја стабилизира вредноста на инструментот и го намалува наведениот ризик.

### 4.5. Постапка по донесување на одлуката (чл. 403 ЗТД)

Имајќи предвид дека со предложената одлука се утврдуваат и менуваат права поврзани со приоритетните акции, согласно член 403 од Законот за трговските друштва, нејзиното стапување во сила е условено со давање согласност од страна на имателите на приоритетни акции. Согласно наведеното, **се предлага и се очекува**, доколку Собранието ја усвои предложената одлука, да се овозможи донесување на одлука за согласност **преку одржување на посебно свикано собрание на имателите на приоритетни акции**, на кое тие ќе одлучуваат со одвоено гласање.

Ова има за цел да се обезбеди ефективно и реално остварување на правото на согласност од страна на имателите на приоритетни акции, имајќи ја предвид нивната бројност и потребата за соодветна организација на нивното учество во постапката.